*Проект:* „ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ"

**НАБАВКА НА УСЛУГА 10/2017**

**ТоР за ангажман на тренери за**
СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ – на тренинг циклусот
„Оспособување за вработување"

За потребите на проектот „Оспособување за вработување" (Договорен орган: Сектор за централно финансирање и склучување на договори, Министерство за финансии, во рамките на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси 2007-2013, Инструмент за претпристапна помош) и врз основа на Договорот за грант број 12-8405/1, проектниот тим на ЦОР АЛКА, испраќа Опис на проектната задача.

## 1. ВОВЕД

Центарот за одржлив развој „Алка" од Скопје, во партнерство со Тјетер Визион од Елбасан и ЦИЕС од Рим започна со имплементација на проект насловен „Оспособување за вработување" финансиран од Европската Комисија и Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии на РМ. Проектот се финансира во рамки на буџетската линија од компонентата ИПА – развој на човечки ресурси.

**Главна цел** кон која проектот се стреми да придонесе е „Подобрување на економската интеграција и социјална инклузија на маргинализирани лица и лица изложени на ризик"; додека **специфични цели** кои проектот ќе се стреми да ги исполни се - „Да се подобри учеството на пазарот на трудот на жртви на семејно насилство и маргинализираните млади луѓе" - „Поддршка на развојот на способностите и социјалните вештини на маргинализирани лица".

Целите на проектот (реални и остварливи), се насочени кон подобрување на можностите на маргинализираните лица, за стручно професионално образование и самовработување, за подобрување на нивната интеграција на работно место; градењето на капацитетите и развој на вештините на корисниците, кој на крајот ќе бидат поттикнати и подготвени за вклучување и активно учество на пазарот на трудот.

**Целни групи на проектот се:** Невработени жртви на семејно насилство; Млади луѓе кои порано го напуштиле училиштето; Млади луѓе без родители и родителска грижа кои што ги напуштиле домовите за деца без родители и домовите за згрижување; Млади лица кои не биле вработени до својата 29 година; Млади лица кои живеат во оддалечени и рурални области во Скопски регион; Самохрани млади мајки и татковци; Семејства со издржувано лице; Лица со посебни потреби; Маргинализирани лица и другите групи изложени на ризик од социјално исклучување.

Крајни корисници на проектот се: Семејства на жртви на семејно насилство; Локални заедници каде што живеат млади маргинализирани лица; Општествено одговорни компании;

Семејствата на жртви на семејно насилство; Локални заедници во кои живеат младите запоставени луѓе; Социјално одговорни компании".

**Очекувани резултати на проектот се:**

Р1. Воспоставување на тренинг процес „Оспособување за вработување";

Р2. Подобрени социјални вештини на 90 невработени млади лица и жртви на семејно насилство;

Р3. Подобри можности за вработување и само-вработување на 90 маргинализирани лица.

**Активности на проектот:**

А 1.1 Координтивни состаноци меѓу партнерите на Проектот - Формализирана соработка со клучните национални институции; А 1.2 Избор на тренери и формирање на групи на корисници (6 + 4 тренери); Избор на тренери (Спроведен од страна на тимот АЛКА врз основа на критериуми поставени од Тјетер Визион и нивните искуства што се однесуваат на нудење социјални услуги); Формирање групи на корисници; Официјално започнување на програмата со јавен настан. А 1.3 Обука на одбраните тренери; Средби за размена на знаења и Семинар со тренерите; А 1.4 Публикација за тренинг циклусот „Оспособување за вработување"; Промотивни активности на Проектот „Оспособување за вработување".

## 2. ЦЕЛИ НА УСЛУГАТА

Основната цел на оваа услуга е ангажман на 6 тренери - обучувачи, за набљудување/мониторинг на тренинг циклусот „Оспособување за вработување" за поддршка на млади невработени лица како и лица од ранливите категории.

**Опис на ангажманот на тренерите:**

- Спроведување на набљудување / мониторинг на тренинг циклусот „Оспособување за вработување" т.е резултатите од обуките за животни вештини, обуката преку работа – практиканство и обуки /курсеви на учесниците во тренинг циклусот;
- Индивидуални средби и комуникација со учесниците во тренинг циклусот;
- Преглед/Ревизија на индивидуалните развојни планови (ИРП) на учесниците во тренинг циклусот;
- Секој тренер/обучувач ќе изведува набљудување / мониторинг над учесниците од соодветната група (Г1 до Г6) кои што се вклучени во втората фаза од тренинг циклусот (обука преку работа – практиканство и обуки /курсеви).

## 3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА

За оваа задача се ангажираат шест (6) индивидуални тренери – обучувачи кои ги исполнуваат релевантните критериуми (се докажува со Кратка биографија - CV) и согласно условите наведени во точка 2. Цели на услугата.

Проектот е финансиран од
Европската Унија

*Проект: „Оспособување за вработување"*

**Временски период:**

Услугата треба да се испорача во период септември – ноември, 2017 година. Планиран ангажман за секој индивидуален тренер – обучувач во наведениот временски период со не повеќе од десет (10) работни дена.

**Релевантни критериуми за избор на тренерите – обучувачи:**

- Познавање и искуство во работа со деца, жени, неформални групи на граѓани, млади / маргинализирани групи на луѓе;
- Искуство во спроведување на проекти или програми за поддршка на деца, жени, неформални групи на граѓани, млади, и / или стручна обука, ориентација на работно место и посредување при вработување; и / или искуство кое имало за цел вклучување и професионален развој на млади лица;
- Високо образование или завршна година на студии, поврзани со социјална работа, педагогија, психологија, филозофија, јазици (англиски јазик), економија и сл. Се повикуваат и лица со друга струка од посакуваната, во случај да имаат најмалку 1 година работно искуство и стекнато соодветно практично искуство во наведените области.
- Способност и отвореност за сопствен развој, размена на информации и мониторинг / следење;
- Учество на обука за тренери спроведен во период март-јули 2017 година, во рамки на проектот „Оспособување за вработување"
- Посветеност кон проектот „Оспособување за вработување" и отвореност кон развој и обука на млади лица;
- Искуство во работење во невладин сектор и / или претходно искуство во работење на проекти на АЛКА, ќе сеземе за предност;

## 4. ПЛАЌАЊЕ

Планирани финансиски средства во бруто износ по работен ден изнесува 7.380 денари. За секој идивидуален тренер – обучувач за набљудување / мониторинг на тренинг циклусот, планирани се вкупно 10 работни дена, односно 60 работни денови за ангажирани шест (6) тренери – обучувачи.

Плаќањето ќе се врши на месечна основа, по доставена евиденција за работни денови.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОНУДАТА

Изборот на шест (6) индивидуални тренери – обучувачи кои ќе ја спроведат задачата ќе се изврши по пат на евалуација на техничката понуда.

Проектот е финансиран од
Европската Унија

*Проект: „ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ“*

Техничката евалуација ќе се изврши врз база на доставените: Кратка биографија (CV) на – индивидуалните тренери - обучувачи и согласно условите наведени во точка 2 и 3 и Изјавата за заинтересираност и достапност.
Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор е следната:

| Техничка евалуација | Максимум можни бодови - опсег |
|---|---|
| Соодветност на индивидуалните тренери - обучувачи според кратка биографија (CV) | 60 |
| Работно искуство | 20 |
| Тренинг за тренери „Оспособување за вработување“ (Coaching for Employment) | 20 |
| **Вкупно (можни) бодови** | 100 |

## 6. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Доставувањето на Пријавите се врши по пошта, електронска пошта (elizabeta.gj@alka.org.mk), лично или по курир на следнава адреса: ЦОР АЛКА, Проект "Оспособување за вработување", Бул. Партизански Одреди бр. 62 1/16, Карпош, Скопје.

Да се користат дадените форми за Пријава (Писмо за интерес, Изјава за заинтересираност и достапност, Кратка биографија). Краен рок на доставување на Пријавата е до **11.09.2017 (до крај на ден).**

Пријавите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои што не се изработени според пропозициите на набавката, нема да бидат земени предвид.
Сите дополнителни појаснувања може да се добијат написмено, на е-маил адреса на Елизабета Ѓорѓиевска, elizabeta.gj@alka.org.mk проектен координатор, проект "Оспособување за вработување".

Рок на важност на понудата: најмалку 30 дена;

Со почит,

| Бр. 09-79/2<br><br>01.09.2017<br>Скопје | МП<br>Центар за одржлив развој АЛКА Скопје | Центар за одржлив развој АЛКА<br><br>Елизабета Ѓорѓиевска<br>[signature] |
|---|---|---|

Проектот е финансиран од
Европската Унија

**Проект „Оспособување за вработување"**
**поддржан од Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД),**
**а финансиран од Делегацијата на Европска Унија**

**Пријава/Писмо за интерс**

**До:** Центар за одржлив развој АЛКА
Партизански Одреди 62 1/16, 1000 Скопје

**Предмет**: Пријава/Писмо за ангажман за тренер – обучувач

Во прилог на ова Пријава/Писмо за интерес, Ви доставувам:

1. Изјава за заинтересираност и достапност во бараниот период.
2. Кратка биографија – CV.

Со почит,

**Проект „Оспособување за вработување"**
**поддржан од Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД),**
**а финансиран од Делегацијата на Европска Унија**

**Изјава за заинтересираност и достапност**

**До**: Центар за одржлив развој АЛКА
Партизански Одреди 62 1/16, 1000 Скопје

**Предмет**: Изјава за заинтересираност и достапност

Со ова, (име и презиме) како поднесувач на Пријава/ Писмо за интерес, ја потврдувам заинтересираноста и достапноста за ангажман во наведениот период од септември - ноември, 2017 година и наведените денови (број на работни денови –максимум 10), за мониторинг на тренинг циклусот во рамки на проектот „Оспособување за вработување".

Исто така, во целост ги прифаќам условите наведени во проектната задача (ТоР) и финансиската надокнада по работен ден.

Со почит,